**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД**
**Су.бр. 01-11/12**
**06.02.2012 год.**
**К Р У Ш Е В О**

***ДО***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***КОПИЕ ДО:***
***- РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- ВРХОВЕН СУД НА***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- АПЕЛАЦИОНЕН СУД***
***Б И Т О Л А***

*ПРЕДМЕТ: Достава на Годишен извештај за работа на Основен суд Крушево за 2011 година*

*Во прилог на овој допис Ви го доставувам Годишниот извештај за работа на Основен суд Крушево во 2011 година*

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Благоја Бошкоски**

**О С Н О В Е Н  С У Д  К Р У Ш Е В О**



# Г О Д И Ш Е Н
# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ВО 2011 ГОДИНА**

*Крушево, февруари 2012 година*

# <u>В О В Е Д</u>

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно чл.30 и 31 од Законот за судовите објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 58/06 и постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општината Крушево и при тоа настојува да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

Во 2011 година Основниот суд во Крушево работеше на решавање на предметите кои останале нерешени од минатата година по сите видови и ново примени предмети во тековната година.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на овој суд во 2011 година по оддели и поединечно по судии што ќе даде сеопфатна слика за севкупната ангажираност за секој судија поединечно.

Во извештајниот период судот настојуваше судската власт да ја остварува законито, професионално, чесно и објективно, настојуваше да се подобри квалитетот и квантитетот на работењето, настојуваше да ја зголеми експедитивноста воопшто, а со тоа да ја зголеми вербата на граѓаните во судот и да го зголеми својот афторитет пред странките воопшто.

Судскиот колегиум одржуваше редовни состаноци на кои се разгледуваше извештајот за работата за претходниот месец, а исто така според потребите одржуваше и вонредни состаноци на кои посебно беше разгледувана состојбата со старите предмети, давајќи приоритет на истите, бројот на нерешените предмети како и итните предмети предвидени со Законот за судовите. Воопшто на сите судски состаноци се настојуваше да се обезбеди експедитивност во постапувањето, стручност, совесност и судење во разумен рок.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основниот суд Крушево за 2011 година преку прикажување на податоците за заостатокот на предметите во 2010 година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа кој што се состои од решени и нерешени предмети за секој судија поединечно и на ниво на судот.

Понатаму во извештајот ќе биде прикажан остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајната година како и табеларно прикажување на работата на судот со оценка за севкупната ангажираност на судот и поединечно за секој судија. Генерално во овој

извештај ќе бидат опфатени следните аспекти: прилив, обем на работа и решени предмети, ажурност на судот, квалитет на работа, работната ангажираност на секој судија поединечно, ќе бидат прикажани просторните, кадровските и материјалните услови во судот со предлози за нивно подобрување, ќе биде прикажана соработката со другите органи и судови и слично.

***ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО СИТЕ ВИДОВИ ВО 2011 ГОДИНА***

Во текот на 2011 година судот прими 2425 предмети -145 предмети повеќе од претходната година кога судот имаше примено 2280 предмети.

Со остатокот на нерешени предмети од претходната година кои вкупно изнесуваа 2948 предмети, вкупно во работа беа 5373 предмети, или 176 предмети повеќе во работа во однос на претходната година.

Во 2011 година судот реши 3634 предмети, или 1385 повеќе од претходната 2010 година, а како нерешени предмети останаа 1739 или 1209 премети помалку од 2010 гдина. Од нерешените 1739 предмети, 1273 извршни предмети се отстапени на други органи (Извршители, Нотари ...), така да реалната бројка на нерешени предмети е сведена на 466 предмети.

Од горните показатели следува дека судот со ново примените предмети 2425 и решените 3634 комплетно го совладал тековниот прилив. Во вкупниот број на предмети во работа се наоѓаат и извршните предмети од граѓанскиот оддел, кои во тековната 2011 година беа 2470. Заклучно со шести месец судот реши 1197 предмети, а остатокот од 1273 предмети согласно Законот за извршување овие предмети, отстапен е во понатамошна постапка кај Извршители и Нотари, што значи целосно е совладан приливот и намален е остатокот на нерешените предмети по сите видови, како квантитативно така и квалитативно.



Сметам дека со ваквото работење судот треба да се вброи во ажурните судови на Република Македонија, со остаток на предмети по сите видови спорни и неспорни со не повеќе од еден месец за работа.

## *ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ПО ОДДЕЛИ*

### *А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

Во текот на 2011 година, во кривичниот оддел судот прими 1123 предмети или 193 предмети повеќе во споредба со 2010 година кога беа примени 930.

Со остатокот од 312 предмети од претходната година вкупно во работа биле 1435 предмети. Судот во тековната година решил 1083 предмети, или 232 предмети повеќе од претходната година, кога биле решени 851 предмет.

Како нерешени останале 352 предмети или 40 нерешени предмети повеќе во однос на претходната година, што се должи исклучиво на предметите од извршно прекршочна природа, предмети за извршување на парични санкции доставени до Државното правобранителство на Република Македонија

Ова значи совладување на зголемениот прилив на предмети кои беа за 193 предмети повеќе од претходна година, решавање на истиот односно намалување за 153 предмети.

**предмети во работа - кривичен оддел**




Следниот преглед го дава движењето на предметите во кривичниот оддел поодделно со следната констатација.

По истрагите, истражните дејствија и замолниците заклучно со февруари 2011г. работел истражниот судија Кочо Ѓоргиоски, во

наредниот период по овие предмети постапуваа судиите Домника Зерде Курета и Сика Меле. Кривичниот совет го водел судијата Домника Зерде Курета како и Советот за условен отпуст. По кривичните предмети за полнолетни лица работел Претседателот на судот – судијата Благоја Бошкоски, а воедно Претседателот на судот работел и по извршувањето на кривичните, прекршочните и извршување на затворските предмети, како и извршните предмети.

Во овој оддел – предметите кои се однесуваат на истрагите, истражните дејствија, разните кривични дејствија, замолниците и Кривичниот совет од вкупно 72 предмети во работа решени се 59, нерешени 13, и тоа 12 од тековната година, а еден кривичен предмет за полнолетни лица од претходна година.

Во кривичното одделение – кривични предмети за полнолетни сторители, во жалбена постапка од вкупно решените 28 предмети, 8 предмети биле по жалба, од кој 4 потврдени или 50 % и 4 укинати или 50%, квалитет како и претходната година, но поради малиот број на предмети во работа, а со тоа и малиот број на обжалени предмети, квалитетот не може да биде мерлив во 100 постотни проценти.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица работел Претседателот на судот Благоја Бошкоски освен во 1 предмет. Од обжалените 8 предмети, кај судијата Благоја Бошкоски биле 7 предмети од кои 4 предмети се потврдени или 57%, 3 предмети се укинати или 43%. Еден (1) укинат предмет е кај друг судија.

Вкупно кривични предмети за полнолетни лица во работа биле 34 предмети. Кај решените 28 предмети, постапката во 24 предмети траела до 3 месеци, во 3 предмети од 3-6 месеци, во 1 предмет од 1 година до 3 години.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица од нерешените 6 кривични предмети 5 се од тековната година, а само 1 предмет е од претходна година, односно 2009 година и по кој предмет по замолен пат од друга држава се чека соодветно известување.

Кај истрагите во 3 предмети постапката траела до 3 месеци, а кај 2 предмети од 3 – 6 месеци.

**Кај истражните дејствија** кои во работа биле 12 предмети, во 10 предмети постапката траела до 3 месеци, а кај 2 од 3 – 6 месеци.

**Кај прекршочните предмети** видно од сумарниот преглед примени биле 454, па со остатокот од 27 предмети од претходната година, вкупно во работа биле 481 предмети.

Решени се 444, нерешени 37 предмети. По овој вид предмети работеле Претседателот на судот Благоја Бошкоски и судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета.

Во однос на прекршочните предмети стои констатацијата дека совладан е тековниот прелив на предмети, или како што е наведено остаток на нерешени прекршочни предмети само 37.

Застарени предмети од овој вид нема.

Кај прекршочниоте предмети треба посебно да се нагласи дека во 90% од предметите се предмети каде како подносител се појавува Министерството за земјоделие и шумарство, таканаречени шумски прекршоци и по кои предмети се води едноставно редовна кривична постапка.

Во прекршочниот оддел од вкупно решените 444 предмети во 42 предмети била поднесена жалба, во жалбена постапка донесени 40 одлуки од кои потврдени биле 22 предмети или 55%, укинати 14 или 35% и преправени 4 или 10% предмети.

Во споредба со претходната година по однос на квалитетот во работењето на прекршочните предмети имаме зголемување на квалитетот и тоа кај потврдените за 15% и кај преправените за 16%, односно во претходната година потврдени биле 40%, преправени 26% и укинати 34%.

Овде посебно треба да се нагласи дека кај овој вид на предмети кај преправените предмети истите се преправени само по однос на одлуката на казната, така да кога би се сублимирале потврдените и преправените предмети тоа би бил процент од 65% со укинати 14 предмети или 35% па судот смета дека квалитетот во решавањето на овој вид на предмети е задоволителен и се движел по нагорна линија од предходната извештајна година.

Кај овие предмети решавањето на истите по судии е како што следува:

- Претседател на суд Благоја Бошкоски:

-Вкупно во работа имал 156 предмети, решени 141, нерешени 15 предмети;

- по жалба биле 12 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 13 предмети и тоа:
  - потврдени 7 или 54%,
  - преправени 1 или 8%,
  - укинати 5 или 38%.

- Судија Домника Зерде Курета
- Вкупно во работа 158 предмети, решени 154, нерешени 4
- по жалба биле 19 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 18 предмети и тоа:
  - потврдени 12 или 67%
  - преправени 2 или 11%
  - укинати 4 или 22%

- Судија Сика Меле
- Вкупно во работа 167,решени 149,нерешени 18 предмети
- по жалба биле 11 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 9 предмети и тоа:

- потврдени 3 или 33%
- преправени 1 или 11%
- укинати 5 или 56%

Кај предметите за извршување на санкции работел Претседателот на судот при што судот примил 608 предмети, па со остатокот од претходната година од 274 предмети вкупно во работа биле 882 предмети. Решени се 580, а како нерешени 302 предмети. И кај овој вид на предмети во 90% се работи за нерешени предмети од извршувањето на прекршочните санкции. Во 90% од нерешените предмети се оние кој што се отстапени кај извршители, преку Државното правобранителство на Република Македонија, па судот повратно не добил информација за решавањето на истите.

*Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*

Во текот на 2011 година судот прими 663 предмети или 93 предмети повеќе во споредба со претходната година кога биле примени 570 предмети.

Вкупно во работа со остатокот од претходната година од 95 предмети биле 758 предмети од кои решени 716, а нерешени 42 предмети.

Забележано е намалување на бројката на нерешени предмети во споредба со претходната година за 53 предмети..

Горните показатели укажуваат на тоа да во извештајната година судот примил повеќе предмети, решил повеќе - поточно 716, повеќе за 219 во однос на претходната година. Намален е остатокот на нерешени предмети од 95 на 42 предмети од оваа област.

Во тековната 2011 година, во граѓанскиот оддел судот работел и по оставински и вонпроцесни предмети. Биле примени 400 нови предмети, па со остатокот од 71 предмет од претходната година во работа биле 471 предмет. Решени се 399 предмети, а нерешени останаа 72 предмети.

По однос на извршните предмети од овој оддел по кој постапувал Претседателот на судот Благоја Бошкоски состојбата е следната:

нерешени биле 2470 предмети од претходната година. Заклучно со шести месец 2011 година решени беа 1197, а остатокот од 1273 предмети согласно Законот за извршување овие предмети, отстапен е во понатамошна постапка кај Извршители и Нотари.

Од оставинските предмети кои во работа биле вкупно 176, судот решил 112 предмети, а како нерешени останале 64 предмети.

Остатокот на другите предмети од вонпроцесна природа се 8, од кои 6 се од извештајната година, а само 2 предмети се постари предмети и тоа: едниот предмет е со странки надвор од територијата на Република Македонија – (проблем со доставата) и еден предмет е прекинат поради решавање на спорно прашање – тужба која е во фаза на донесена правостепена одлука.

**предмети во работа - граѓански оддел**




Во граѓанскиот оддел по предметите постапувле судиите Домника Зерде Курета и Сика Меле.

Од решените 270 спорни граѓански предмети и по 14 приговори на платни налози, по жалба биле 88 предмети. Одлука од второстепен суд донесена во 74 предмети од кои 57 предмети се потврдени или 77%, 1 предмети се преправени или 1%, 13 се укинати или 18%, делумно укинати 3 предмети или 4%.

Кога би се направила споредба со квалитетот на работењето на овие предмети со претходната година имаме зголемување на квалитетот по сите основи за: кај потврдените за 33%, кај укинатите за 13% и кај преправените за околу 20%, што значи квалитетот на работењето во граѓанското одделение е многу добар.

По судии, по однос на квалитетот состојбата е следната:

<u>Судијата Домника Зерде Курета</u> од граѓанските предмети вкупно во работа имала 149, решила 133 а како нерешени останале 16.

По жалба биле 46 предмети, одлучено е во 42 предмети од кои: 31 потврдени или 74%, укинати 9 или 22%, преиначени 1 или 2%, и делумно укинат 1 или 2 %.

Судијата Домника Зерде Курета работела и по 215 платни налози.

<u>Судијата Сика Меле</u> вкупно во работа имала 157, решила 137, како нерешени останале 20.

По жалба биле 42, одлучено во 32 предмети од кои: потврдени 26 или 81%, укинати 4 или 13%, делумно укинати 2 или 6 %.

Судијата Сика Меле работела и по 217 платни налози.

Од решените 270 предмети со пресуда се решени 174, со спогодба 14 и на друг начин 82.

Времетраењето на постапката кај граѓанските предмети од вкупно решените 270 кај работните спорови во 8 предмети постапката траела до 3 месеци, во 18 предмети од 3-6 месеци и во 60 предмети над 6 месеци до 1 година, а кај останатите граѓански предмети во 50 предмети постапката траела до 3 месеци, во 67 предмети од 3-6 месеци, во 49 предмети од 6 месеци до 1 година, во 18 предмети од 1 до 3 години со тоа што постапка по предмет над 3 години нема.

Од нерешените 42 граѓански предмети, 36 се од така наречените спорни граѓански предмети и 6 по приговори од платни налози, 38 предмети се од тековната 2011 година, 4 предмети се од претходни години, и тоа 1 предмет од 2010 година каде постапката беше прекината поради решавање на спорно прашање и е во постапка на повлекување, 2 предмети се од 2009 година од кои еден е со лица надвор од територијата на Република Македонија – проблем со доставувањето на поканите, другиот предмет е на вештачење во Завод за судски вештачења во Скопје, а 1 предмет е од 2007 година каде што е донесена делумна пресуда и истиот се наоѓа на решавање по ревизија во Врховен суд на Република Македонија.

## <u>РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ</u>

Претседателот на судот вкупно во работа имал 4049 предмети и тоа како што следува:

- 34 кривични предмети
- 156 прекршочни предмети
- 50 извршување на парични казни
- 799 извршно - прекршочни предмети
- 33 затворски предмети
- 10 ППНИ
- 39 разни граѓански предмети
- 215 ЗАВ – апостили
- 243 административна работа
- 2470 извршни предмети




Решил 2453 предмети и тоа како што следува:

- 28 кривични предмети
- 141 прекршочни
- 8 извршување на парични казни
- 556 извршно прекршочни
- 16 затворски предмети
- 10 ППНИ
- 39 Р
- 215 ЗАВ – апостиле
- 243 администриоативна работа
- 1197 извршни предмети

Нерешени 1596 предмети и тоа како што следува:

- 6 кривични
- 15 прекршочни предмети
- 42 извршување на парични казни
- 243 извршно прекршочни
- 17 затворски
- 1273 извршни предмети

Секоја недела во месецот Претседателот на судот одржува по три стручни колегиуми.

Претседателот на судот во текот на годината присуствува на состаноците организирани од страна на Претседателот на Апелационен суд Битола, така да во тековната 2011 година такви состаноци беа одржани 8.

Воедно непосреден контакт со Претседателот на повисокиот суд 10 средби.

Во тековната година одржани беа 5 поединечни состаноци на Претседателите на судовите од Апелационото подрачје со претставниците на Електростопанство на Македонија.

Присуство на Претседателот на судот на организираните едукативни средби од Академијата на судии и јавни обвинители.

Организирани 5 средби во Основен суд Крушево со Полициска станица Крушево и Јавното претпријатие за шуми – ПШС „Липа“ Крушево.

Организирани 4 работни средби со Јавното комунално претпријатие „Комуна“ Крушево.

Организирани 8 средби со Раководителот на Шумската полиција за подрачјето на Основен суд Крушево.

Одржани средби по закажани состаноци на Врховен суд на Република Македонија и Министерот за правда – работни средби вкупно 4.

Работни средби во Судски совет на Република Македонија за имплементација на АКМИС програмата - 4.

Ги донесуваше Одлуките за спроведување на Законот за јавни набавки со комплетно учество за нивно законито реализирање.

Одржани средби од стручен карактер со Претседателите на Основен суд Прилеп и Основен суд Битола како поблиски судови посебно со посета на извршните одделенија и конкретната работа по предмети.

Кога би се анализирале горните показатели за работа на судот во целина и на секој од судиите тука сметајќи го и Претседателот на судот и врз основа на Одлуката за ориенатационите норми за работа по конкретни предмети кај судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета врз основа на решените предмети од разните области просек на работа по норма од 10 месеци, кај Претседателот на судот просек на работа од 8 месеци, сметајќи ја и функцијата Претседател на судот.

При анализирањето на горните показатели треба посебно да се нагласи дека судиите во Основен суд Крушево работат по различни материи, односно судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета покрај работата по граѓански предмети работат по вонпарнични предмети, работат по прекршочни предмети, истраги и истражни дејствија, предмети на кривичен совет и советот за условен отпуст.

Видно од погоре наведените показатели видливо е да од февруари месец 2011 година судот работи со тројца судии сметајќи го и Претседателот на судот, од причина што сеуште не е извршен избор на еден судија.

## *РАБОТА ПО ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ*

Во текот на 2011 година судот има примено три преставки од кои една преставка за предмет по физичка делба која Претседателот на судот ја оцени како неосновна – останатите две преставки се од административен карактер – една за работа на судските доставувачи а која се однесувала за доставувачите за цела Македонија и една за воведување на евиденција за работно време. Претседателот на судот неделно врши прием со странки, што најверrepresentативно придонесе да имаме само една преставка за работа на судот по конкретен предмет, несметајќи ги двете од административно правна природа.

*ПОПОЛНЕТОСТ НА СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА*

Согласно Правилникот за систематизација на работните места донесен во 2002 година во Основен суд Крушево предвидени се 28 работни места, несметајќи ги судиите (вкупно 5 заедно со Претседателот на судот), од кои предвидени работни места пополнети се 22 помошен персонал и судска полиција или вкупна пополнетост од 82%.

Не и извршено пополнување на следните работни места: 2 судски помошници, 2 технички секретари на судија – дактилографи, 1 судски полицаец, 1 одржувач на парно греење.

**Не се пополнети две судиски места, односно Основниот суд Крушево во текот на 2009 и 2010 година работата ја извршуваше со 4 судии сметајќи го и Претседателот на судот, а во 2011 година со уште еден судија помалку т.е со тројца судии заедно со Претседателот. Не се изврши избор на судија.**

*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Анализирајќи ја севкупната работа на судот за 2011 година може да се констатира зголемен прилив на примени предмети во незначителен обем, посебно на спорните предмети, при што судот по однос на предметите што се во негова надлежност го совладал приливот и го намалил заостатокот.

Анализирајќи ја севкупната состојба во работата фактички и оваа година судот сметајќи го целокупното работење работел добро, стари нерешени предмети од кривичната област има само еден, од граѓанската област има само три кои се сосранки надвор од територијата на Република Македонија и од објективни причини се останати како постаро нерешени, а гледајќи го и времетраењето на постапката кај сите предмети судот навремено и ажурно ја извршувал својата работа.

Кај предметите, покрај ажурното работење по иститe, сметајќи го тука времетраењето на постапката одлуките се донесувани во законски предвидениот рок.

Судот дава посебна анализа и на предметите кои биле во жалбена постапка како во кривичната така и во граѓанската но и во прекршочната област при што во сите области има зголемување на квалитетот.

Нормално е како и секоја година да се скратува време траењето на постапката односно странките што е можно побрзо да ги остваруваат своите права.

Заради надминување на заклучните состојби би било потребно да се превземат следните мерки:

- Да се изврши вработување на двајца судски помошници;
- Да се изврши вработување на двајца технички секретари на судија –дактилографи;
- Да продолжи започнатиот процес на едукација како на судскиот кадар така и на останатите вработени во Основниот суд Крушево.
- Да се направат напори преку повисоките правосудни органи и Министерство за правда на Република Македонија да се пополнат слободните работни места во судот предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места.
- Да се пополнат судиските места.

Составен дел на овој годишен извештај претставува сумарниот преглед за движење на предметите како и сумарниот електронски преглед по АКМИС програмата.

*Крушево, февруари 2012 година*

*ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО*
*Претседател,*
*Благоја Бошкоски*



# П Р И Л О Г
## ТАБЕЛА – ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ за 2011 година

| ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО | | | | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Истраги – основна надлежност | 1 | 4 | 5 | 4 | 1 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Истражни дејствија – О.И.Д. | | 12 | 12 | 10 | 2 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | | Основна надлежност | 5 | 29 | 34 | 28 | 6 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Разни кривични дејствија | | 6 | 6 | 5 | 1 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Замолници | 1 | | 1 | 1 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Кривичен совет - Претседател | 4 | 10 | 14 | 11 | 3 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Кривични малолетни | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | ***Вкупно*** | 11 | 61 | 72 | 59 | 13 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Прекршочни предмети | 27 | 454 | 481 | 444 | 37 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Извршни кривични парични казни | 32 | 18 | 50 | 8 | 42 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Извршни прекршочни парични казни | 211 | 588 | 799 | 556 | 243 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | К.У.И.К.П. Затворски предмети | 31 | 2 | 33 | 16 | 17 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Мерки на безбедност | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | ***Вкупно извршни предмети*** | 274 | 608 | 882 | 580 | 302 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | 312 | 1123 | 1435 | 1083 | 352 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Спорови од мала вредност | 27 | 112 | 139 | 132 | 7 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Имотни спорови – основна надлежност | 19 | 40 | 59 | 42 | 17 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Семејни спорови | 1 | 10 | 11 | 10 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Работни спорови | 41 | 56 | 97 | 86 | 11 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Трговски спорови | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Платни налози | | 432 | 432 | 432 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Платни налози по приговор | 7 | 13 | 20 | 14 | 6 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Стечај | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | ***Вкупно*** | 95 | 663 | 758 | 716 | 42 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | **Извршни предмети** | 2470 | | 2470 | 1197 | 1273 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | П.П.Н.И. | | 10 | 10 | 10 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Разни граѓански предмети “Р“ | 1 | 38 | 39 | 39 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ - С | | 3 | 3 | 3 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ – Х Апостили | | 215 | 215 | 215 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ НД | | 9 | 9 | 9 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Замолници | | 3 | 3 | 3 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Оставина | 63 | 113 | 176 | 112 | 64 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Физичка делба | 2 | 4 | 6 | 1 | 5 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Останати ВПП предмети | 5 | 5 | 10 | 7 | 3 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | ***Вкупно*** | 71 | 400 | 471 | 399 | 72 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | 2636 | 1063 | 3699 | 2312 | 1387 |
| Административна работа на судот | | | | | 239 | 239 | 239 | |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | 2948 | 2425 | 5373 | 3634 | 1739 |

*Од нерешените **1739** предмети на крајот од годината, **1273** извршни предмети се отстапени на други органи (Извршители, Нотари ...)